**ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОРИСНИКОТ**

**Септолете пастили**

**При воспаление на уста и грло**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман на полесни здраствени проблеми за кои не е потребно совет со доктор. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 3 дена, тогаш мора да појдете на доктор.*
- *Ако несаканите ефекти станат посериозни, или забележите други несакани ефекти кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.*

**Во ова упатство:**

1. Што е Септолете и за што се употребува
2. Пред да земете Септолете
3. Како да го земете Септолете
4. Можни несакани ефекти
5. Чување на Септолете
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СЕПТОЛЕТЕ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Септолете пастилите содржат бензалкониум хлорид, кои делува како антисептик и уништува голем број бактерии и некои фунги. Ментолот и етеричното масло од нане го намалуваат чувството на болка и така ги олеснуваат субјективните симптоми, како што се печење и болка при голтање, а истовремено на пастилите им даваат пријатен и освежителен вкус. Тимолот има слично антисептично дејство како и бензалкониумот хлоридот и дополнително ја зголемува ефикасноста на пастилите. Етеричното масло од еукалиптус ја намалува секреција на слуз во дишните патишта со што го олеснува дишењето. Септолете пастилите делуваат директно врз предизвикувачите на инфекции и успешно ги олеснуваат тегобите кај инфективно-воспалителните заболувања во устата и грлото.
Септолете пастилите се препорачуваат за олеснување на симптомите:

- При полесни инфекции во устата и грлото,
- При настинка и грип,
- При воспаление на непцата и на слузницата во устата,
- При засипнатост и непријатен здив од устата.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ СЕПТОЛЕТЕ

**Немајте да го земате Септолете ако:**

- при пречуствителност (алергии) кон бензалкониум хлорид, левоментол, етерично масло од нане, етерично масло од еукалиптус, тимол или на некоја друга супстанција од Септолете.

**Бидете посебно внимателни со Септолете ако:**

- При посериозни инфекции придружени со зголемена температура, главоболка и повраќање советувајте се со лекар особено доколку симптомите не се подобрат за три дена.

- Пациентите со дијабет треба да знаат дека секоја пастила содржи 207,2 mg лактоза, 646,6 mg сахароза, 33,67 mg глукоза и 152,7 mg сорбитол.
- При подолготрајна засипнатост, советувајте се со Вашиот лекар.

Советувајте се со Вашиот доктор, дури ако вакви те состојби се јавиле во минатото. Пациентите не треба да земаат повеќе пастили отколку што е препорачаната доза.
Септолете пастилите не се препорачуваат за деца под 4 годишна возраст.

**Земање на други лекови**
Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт доколку земате или сте земале други лекови вклучувајќи ги и лековите без рецепт. Септолете пастилите не влијаат на ефектот на другите лекови.

**Земање на Септолете со храна или пијалок**
Не земајте Септолете веднаш пред оброк и заедно со млеко.
Септолете пастилите не треба да се земаат заедно со млеко бидејќи млекото ја намалува антимикробната ефикасност на бензалкониум хлоридот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар пред да го земете лекот.
Септолете пастилите не се препорачуваат за употреба во текот на бременоста и периодот на лактација, поради тоа што нема доволно податоци за нивна безбедна и сигурна употреба кај оваа популација на пациенти.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Нема податоци дека Септолете пастилите влијаат врз способноста за возење и управување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Септолете**
Септолете пастилите содржат лактоза, глукоза, сахароза или сорбитол. Доколку сте интолерантни кон некои шеќери, советувајте се со лекарот пред да го земете лекот.

## 3. КАКО ДА СЕ ЗЕМЕ СЕПТОЛЕТЕ

Секогаш земајте Септолете како што ви препорачал лекар. Консултирајте се со лекар за се што не сте сигурни.
Вообичаена доза за возрасни и деца поголеми од 12 години е 8 пастили на ден. Една пастила се растопува во устата на секои 2 до 3 часа.
Препорачана доза за деца од 4 до 10 години е 4 пастили на ден.
Препорачана доза за деца од 10 до 12 години е 6 пастили на ден. Една пастила се растопува во устата на секои 3 до 4 часа.
Не земајте ги пастилите веднаш пред или за време на јадење.

**Ако сте земале поголема доза од Септолете отколку што треба:**
Предозирањето е речиси невозможно, поради ниската концентрација на активните компоненти во препаратот. При земање на поголеми дози од препорачаните, можат да се јават гастроинтестинални пореметувања: гадење, повраќање или дијареа. Доколку се јават некои од овие симптоми треба да се прекине со земање на лекот, да се испие поголема количина вода или млеко и да се консултира лекар или фармацевт.

**Ако сте заборавиле да земете Септолете**
Не земајте двојно поголема доза за да се надомести пропуштената.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, Септолете може да предизвика несакани ефекти.

Кога пастилите се земаат во пропишаните дози, несаканите ефекти се многу ретки. Кај пациенти кои се преосетливи дози повисоки од препорачаните може да предизвикаат гастроинтестинални пореметувања, како наузеа или дијареа. Многу ретко може да се појават знаци на преосетливост (алергија) како иритација или црвенило. Доколку несаканите ефекти се посериозни или ако се појават други кои не се споменати во ова упатство Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА СЕПТОЛЕТЕ

Да се чува на места недостапни за деца.
Да се чува заштитено од влага и светлина, на температура до 25°C.

**Рок на употреба**
Лекот не смее да се употребува по изминувањето на рокот на употреба, означен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува до последниот ден од месецот. Лекот не треба да се уништи преку водата или отпадот. Прашајте го фармацевтот како да го уништите лекот кога повеќе не е потребен со цел да ја заштитиме околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Од што е составен Септолете**

- Активни супстанции се бензалкониум хлорид, левоментол, етерично масло од нане, етерично масло од еукалиптус, тимол. Една пастила содржи 1,0 mg бензалкониум хлорид (Benzalkonii chloridum), 1,2 mg левоментол (Levomentholum), 1,0 mg етерично масло од нане (Menthae piperitae aetheroleum), 0,6 mg етерично масло од еукалиптус (Eucalypti aetheroleum) и 0,6 mg тимол (Thymolum).
- Помошни супстанции се лактоза монохидрат, течен парафин, глицерол, рицинусово масло, диметил полисилоксан, сорбитол, течна глукоза, магнезиум стеарат, кинолин жолта боја (E104), индиго (E132), титаниум диоксид (E171), повидон, фармацевтски восоци (пчелин восок, карнауба восок, шелак) и сахароза.

**Изглед на пастилите Септолете и содржина на пакувањето**
Пастилите се зелени по боја, округли и биконвексни.
Пастилите се достапни во кутија со 30 пастили во блистер пакување. Секоја кутија содржи 2 блистера со по 15 пастили.

**Начин на издавање**
Лекот се издава во аптека без лекарски рецепт.

**Носител на одобрението за ставање во промет**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје,Митрополит Теодосиј Гологанов 28/II-23,1000 Скопје, Р.Македонија

**Производител**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Slovenia

**Упатството е одобрено**
21.09.2006